СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 21/2021
Дата........14 -01- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Радовиш, се издаваат Услови за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена Е1-инфраструктури (фотоволтаични електрани), на КП 1016/1, КП 1016/6, КП 1016/7, КП 1016/8 и КП 1016/9 во КО Воиславци, КП 1/6 и КП 1/5 во КО Сулдурци, Општина Радовиш.**

Површината на планскиот опфат изнесува 11,4 ha.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y16720** се составен дел на Решението.

3. Условите за планирање на просторот за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена Е1-инфраструктури (фотоволтаични електрани), на КП 1016/1, КП 1016/6, КП 1016/7, КП 1016/8 и КП 1016/9 во КО Воиславци, КП 1/6 и КП 1/5 во КО Сулдурци, Општина Радовиш**, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit
hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена Е1-инфраструктури (фотоволтаични електрани), на КП 1016/1, КП 1016/6, КП 1016/7, КП 1016/8 и КП 1016/9 во КО Воиславци, КП 1/6 и КП 1/5 во КО Сулдурци, Општина Радовиш** потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина („Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Донесувачот на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена Е1-инфраструктури (фотоволтаични електрани), на КП 1016/1, КП 1016/6, КП 1016/7, КП 1016/8 и КП 1016/9 во КО Воиславци, КП 1/6 и КП 1/5 во КО Сулдурци, Општина Радовиш** е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на Стратегиска оцена на животната средина (СОЖС), во која треба да се образложени причините за спроведувањето односно неспроведувањето, на начин и постапка пропишани со Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 39/16, 99/18) .

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за формирање на градежни парцели со намена Е1-инфраструктури (фотоволтаични електрани), КО Воиславци и КО Сулдурци, Општина Радовиш, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.


Министерство за животна средина и просторно планирање на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk